УДК 911.3:314 (497.774/.777)
911.372 (497.774/.777)

Никола В. ДИМИТРОВ[1]

# НАСЕЛЕНИЕТО И СИСТЕМОТ НА НАСЕЛБИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН
## (Актуелни состојби)

**Вовед**

Во тудот се зборува за неколку демогеографски карактеристики на населението и системот на населби во Пелагонискиот плански регион. Станува збор за регион со мошне неповолни состојби во однос на природното движење на населението кое се карактеризира со негативен природен прираст, со општини во кои е навлезен интензивен процес на стареење на популацијата, со доминација на мали и раселени населби и слично. Наведените показатели се доволен повод општествената заедница да почне да спроведува адекватна политика за ревитализација на популацијата.

## THE POPULATION AND SYSTEM OF SETTLEMENTS IN THE REGION OF PELAGONIA
## (Present states)

**Abstract**

In work, on speak for some demographical characteristic of population, and system of settlements in the region of Pelagonia: rising speak for region with inelegile states. Regarding. As for natural movement of population which characterize with negative natural accession, with municipalityes in wihiches came intensive process at ageing of ones own population, with domination at smalls and emigrates settlements and similary. This indications are sufficient motiv the cocial community to begin realize adeguate populatics for revitalization at population.

[1] Доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија, Универзитет „Гоце Делчев”-Штип. Доктор по географски науки

## 1. НАСЕЛЕНИЕ

Пелагонискиот плански регион ги опфаќа басените на Пелагониската и Преспанската котлина и зафаќа површина од 4717 км$^2$ или 19% од територијата на Република Македонија,[2] со што претставува најголем плански регион во земјата. Во овој регион влегуваат 9 општини (Табела 1. и Карта 1.) и се лоцирани 343 населени места, од кои 338 се рурални населби. Но, поради долгогодишно отсуство на соодветна политика за поддршка на социо-економскиот развој на селата, како и интензивната емиграција во странство, голем дел од селските населби се речиси раселени. Тоа условува висока концентрација (околу 68%) на населението во градските средини. Сепак, четири од деветте општини се рурални. Густината на населеност во регионот изнесува 50 жители/км$^2$, и е значително пониска од просекот во земјата. Таа во рамките на регионот бележи огромни разлики. Во 2002 година, две третини од општините припаѓаат на зоната на слаба населеност, а најголем дел од населението е концентриран само во две општини – Битола и Прилеп.

Табела 1. Општините во Пелагонискиот плански регион

| | **Општина** | **Вкупно население попис 2002 г** | **Површина во км$^2$** | **Жители на км$^2$** | **Број на населени места** | **Учество (во %) на градското во вкупното население** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Битола | 95385 | 787 | 121 | 66 | 78,2 |
| 2 | Демир Хисар | 9497 | 480 | 20 | 41 | 27,3 |
| 3 | Долнени | 13568 | 412 | 33 | 37 | 0 |
| 4 | Кривогаштани | 6150 | 89 | 69 | 13 | 0 |
| 5 | Крушево | 9684 | 191 | 51 | 19 | 55,0 |
| 6 | Могила | 6710 | 255 | 26 | 23 | 0 |
| 7 | Новаци | 3549 | 753 | 5 | 41 | 0 |
| 8 | Прилеп | 76768 | 1199 | 64 | 59 | 90,8 |
| 9 | Ресен | 16825 | 551 | 31 | 44 | 52,0 |
| | **Вкупно** | **238136** | **4717** | **50** | **343** | **67,6** |

Регионот на југ граничи со Република Албанија и Република Грција. Комуникациите се остваруваат преку граничните премини: Стење кај Ресен со Р.Албанија и Меџитлија кај Битола со Р.Грција.

[2] Површините на регионите се однесуваат само на копнениот дел од територијата.




***Карта 1. - Административна карта на Пелагонискиот плански регион***

Во 2002 година Пелагонискиот плански регион има 238136 жители, или 1.8% помалку во споредба со 1994 година (Табела 2). Ова е единствениот регион во земјата во кој населението бележи тренд на континуирано намалување, при што од 9-те општини минимален пораст има само во Прилеп.

Мошне неповолни се и состојбите во однос на природното движење на населението кое се карактеризира со потпросечен наталитет, натпросечен морталитет и стапка на природен прираст со негативен предзнак, во сите општини освен во Долнени и Прилеп. Стапката на тотален фертилитет во регионот во 2006 година изнесува 1,48 и не обезбедува обновување на населението (Табела 3). Ваквата состојба првенствено е детерминирана од обемните преселнички движења во странство во последните четири децении кои условија значително стеснување на репродуктивната основа на населението во регионот. Според податоците за надворешните миграции од пописот во 1994 година, 22.5% од вкупното население на Пелагонискиот регион престојува надвор од земјата. Со оглед на нецелосниот опфат, како и

интензитетот на емиграцијата по 1994 година, реална е претпоставката дека денес во странство е најмалку една третина од вкупното население на овој регион. Во последната деценија забележливи се доселувања од странство (повратни текови), особено во општините Долнени, Ресен и Битола. Што се однесува на внатрешните миграции во речиси сите општини преовладуваат меѓуопшинските преселувања. Брачноста на населението во Пелагонискиот регион и во најголем број од општините се карактеризира со намалување на нупцијалитетот и пораст на диворцијалитетот.

Во половата структура на населението евидентен е трендот за намалување на уделот на машкото население на ниво на регионот и во најголем број од општините. Сепак, тој останува поголем од оној на женското население во сите општини освен во Битола и Ресен. Уделот на машкото население е значително повисоко во Могила, Долнени и Кривогаштани, поради поголемиот број неженети лица во овие подрачја.

Неповолните тенденции во природното и механичкото движење на населението се рефлектираа врз промените во старосната структура изразени во интензивен процес на демографско стареење (Графикон 1). Пелагонискиот плански регион се издвојува како подрачје со најстаро население во земјата. Рангирањето на демографската старост укажува дека во 2006 година населението во регионот се наоѓа во стадиум на длабока демографска старост. Само во три општини тоа е во стадиум на демографска старост (Крушево, Долнени и Прилеп), во четири во длабока демографска старост (Битола, Могила, Кривогаштани и Ресен), а во две општини (Новаци и Демир Хисар) во најдлабока демографска старост. Ваквата старосна структура имплицира натамошно стареење на населението во релативно кус временски период. Како резултат на овие промени, во регионот се намалува уделот на децата, а расте работоспособниот контингент и застапеноста на постарите од 65 години. Оттаму, голема е оптовареноста на работоспособното со постаро население што претпоставува негативни економско-социјални импликации.

Табела 2. Некои структурни белези на населението во Пелагонискиот плански регион

| Регион Општини | Вкупно население (Попис) | | Разлика 1994/2002 | Просечни годишни стапки на пораст на населението (1994 / 2002) | Проценка на население (2006) | Стапки на природен прираст | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1994 | 2002 | | | | 1994 | 2006 |
| **Р. Македонија** | **1945932** | **2022547** | **76615** | **0,48** | **2041941** | **8,1** | **1,9** |
| **Пелагониски** | **242614** | **238136** | **-4478** | **-0,23** | **235861** | **3,0** | **-2,0** |
| Битола | 96607 | 95385 | -1222 | -0,16 | 94222 | 2,0 | -2,4 |
| Могила | 7333 | 6710 | -623 | -1,10 | 6694 | 5,3 | -7,9 |
| Новаци | 4263 | 3549 | -714 | -2,27 | 3534 | -6,3 | -9,8 |
| Демир Хисар | 10610 | 9497 | -1113 | -1,38 | 9184 | -2,1 | -8,1 |
| Крушево | 9821 | 9684 | -137 | -0,18 | 9595 | 6,0 | -0,7 |
| Долнени | 13669 | 13568 | -101 | -0,09 | 13554 | 10,6 | 3,8 |
| Кривогаштани | 6464 | 6150 | -314 | -0,62 | 5963 | 0,3 | -2,0 |
| Прилеп | 76166 | 76768 | 602 | 0,10 | 76733 | 3,8 | 0,1 |
| Ресен | 17681 | 16825 | -856 | -0,62 | 16382 | 2,1 | -7,5 |

Табела 3. Обем, динамика и некои структурни белези на населението во Пелагонискиот плански регион

| Регион Општини | Вкупно население (Попис) | | Учество (во %) во вкупното население (2006) | | | Коефициенти на старосна зависност на населението** (2006 година) | | | Домаќинства | | Образовно ниво на населението старо 15 и повеќе години*** (2002) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1994 | 2002 | Деца (0 - 14) | Работо-способен контин-гент* | Стари 65 и повеќе години | Вкупно | На младите | На старите | Број (2002) | Пораст (во %) 2002 / 1994 | Ниско | Средно | Високо |
| **Р. Македонија** | **1945932** | **2022547** | **18,9** | **67,6** | **11,2** | **44,6** | **28,0** | **16,6** | **564237** | **12,4** | **53,2** | **36,9** | **10,0** |
| ***Пелагониски*** | **242614** | **238136** | **16,3** | **66,0** | **15,2** | **47,7** | **24,7** | **23,0** | **72531** | **3,5** | **49,7** | **39,0** | **11,3** |
| Битола | 96607 | 95385 | 15,4 | 67,3 | 14,8 | 44,9 | 22,9 | 22,0 | 28935 | 1,7 | 41,8 | 43,0 | 15,2 |
| Могила | 7333 | 6710 | 16,3 | 61,7 | 19,7 | 58,4 | 26,5 | 32,0 | 1851 | -5,8 | 80,7 | 18,5 | 0,8 |
| Новаци | 4263 | 3549 | 13,3 | 59,5 | 24,8 | 64,2 | 22,4 | 41,7 | 1125 | -17,8 | 77,1 | 21,1 | 1,9 |
| Демир Хисар | 10610 | 9497 | 14,1 | 61,7 | 21,3 | 57,3 | 22,8 | 34,5 | 2984 | -11,0 | 60,2 | 34,5 | 5,3 |
| Крушево | 9821 | 9684 | 18,3 | 63,8 | 15,3 | 52,6 | 28,7 | 23,9 | 2706 | 4,5 | 62,5 | 30,5 | 7,0 |
| Долнени | 13669 | 13568 | 24,1 | 60,7 | 13,4 | 61,8 | 39,7 | 22,0 | 3744 | 13,2 | 83,1 | 15,5 | 1,3 |
| Кривогаштани | 6464 | 6150 | 17,1 | 61,1 | 19,5 | 59,7 | 27,9 | 31,8 | 1943 | 7,1 | 70,6 | 26,4 | 3,1 |
| Прилеп | 76166 | 76768 | 16,6 | 67,2 | 13,6 | 44,9 | 24,7 | 20,3 | 24396 | 9,4 | 44,3 | 44,2 | 11,5 |
| Ресен | 17681 | 16825 | 14,3 | 65,9 | 17,3 | 47,9 | 21,7 | 26,2 | 4847 | -2,1 | 55,5 | 33,9 | 10,6 |

*Работоспособниот контингент го опфаќа населението на возраст 15-64 години (мажи) и 15-59 години (жени).
**Коефициент на вкупната старосна зависност - оптовареност на населението на работоспособна возраст со контингентите на младите (0-14 год.) и на старите (65 и повеќе год.). Коефициент на старосна зависност на младите - оптовареност на населението на работоспособна возраст со контингентите на младите (0-14 год.). Коефициент на старосна зависност на старите - оптовареност на населението на работоспособна возраст со контингентите на старите 65 и повеќе години.
*** Ниско ниво на образование - без образование, незавршено основно и основно образование;
Средно ниво на образование - тригодишно и четиригодишно средно образование;
Високо ниво на образование - вишо и високо образование, магистратура, докторат.
Извор: Пресметано врз основа на податоци од ДЗС: Попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во Република Македонија 1994 година; Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија 2002 година (Книга XIII)

***Графикон 1.*** **Старосни пирамиди на вкупното население во Пелагонискиот плански регион**




Овој регион има трипати помал пораст на бројот на домаќинствата од оној на земјата. Уделот на самечките домаќинства и на населението кое живее во нив е повисок од просекот во земјата во сите општини.

Образовната структура на населението во Пелагонискиот регион покажува дека и покрај неповолните демографски трендови регионот во целина располага со квалитетни човечки ресурси. Меѓутоа, внатререгионалните разлики се мошне нагласени, односно постојната образовна структура на населението може да се оцени како неповолна во сите општини освен во Битола, Прилеп и Ресен, поради големиот удел (повеќе од 60%) на населението со ниско ниво на образование.

## 2. НАСЕЛБИ

### *Урбани населби*

Со Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија[3] на територијата од Републиката определени се 8 плански региони: Пелагониски, Скопски, Полошки, Североисточен, Вардарски, Југоисточен, Полошки, и Југозападен регион.

Во Пелагонискиот плански регион се наоѓаат вкупно 343 населби, од кои само 5 се урбани населби: Битола, Прилеп, Ресен, Крушево и Демир Хисар. Во овие градски населби има висока концентрација на население од 160925 жители или 67,6 % од вкупниот број жители во Пелагонискиот плански регион (238136 жители) (Табела 4).

Во 2002 година, само во општините Битола и Прилеп живееле 172153 жители или 72,3% од вкупниот број жители во Пелагонискиот регион. Во двата града, Битола и Прилеп биле сконцентирани 144254 жители или 89,6% од вкупното урбано население на регионот.

Градовите Битола и Прилеп, заедно, зафаќаат урбана површина од 50 км$^2$ или околу 1,1% од вкупниот простор на регионот (4717 км$^2$), на кој живее 60,6% од вкупното население на регионот. Само овој показател покажува колкава е моќта на двата града како стопански и гравитациони центри за целиот регион. Со сигурност може да се прогнозира дека овие два урбани центри и во иднина ќе привлекуваат голема маса население од околниот рурален простор.

Гледано заедно, петте града зафаќаат урбана површина од 80 км$^2$ или 1,7%, од вкупната површина на регионот, на кој е сконцентриран 67,6% од вкупното население. На останатиот рурален простор од 98,7% (4637 км$^2$) живеат 77211 жители или 32,4%, односно една третини од населението живее во зона на слаба населеност.

Трендот на просторното проширување на градот и зголемувањето на урбаното население најмногу се чувствува во Битола и тоа кон приградските населби. Најдобар пример за тоа е населбата Горно Оризари, која повеќе години наназад е дел од градот. Интензивен процес на проширување на Битола се забележува кон

[3] Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија е донесен 15. мај 2007 година, "Службен весник на РМ", број 63 од 22.05. 2007 година.

руралните приградски населби: Лавци, Раштани, Буково, Поешево, Брусник, Долно Оризари и Крклино.[4]

Други два случаи за спојување на приградски населби со урбани центри се населбите Варош со градот Прилеп и Јанковец со градот Ресен.

Доколку во блиска иднина економски забрзано се развива урбаниот центар Демир Хисар можни се проширувања на неговата урбана зона кон поблиските рурални населби Белче и евентуално кон Градиште и Селце.

Табела 4. Учество на урбаното и руралното во вкупното население

| **Општина** | **Вкупно** | **Урбано** | **%** | **Рурално** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | **95.385** | **74.550** | **78,2** | **20.835** | **21,8** |
| **Прилеп** | **76.768** | **69.704** | **90,8** | **7064** | **9,2** |
| **Ресен** | **16.825** | **8748** | **52,0** | **8077** | **48,0** |
| **Крушево** | **9684** | **5330** | **55,0** | **4354** | **45,0** |
| **Демир Хисар** | **9497** | **2593** | **27,3** | **6904** | **72,7** |
| **ВКУПНО** | **208.159** | **160.925** | **77,3** | **47.234** | **22,7** |
| ***Општина*** | ***Вкупно*** | */* | */* | ***Рурално*** | ***%*** |
| **Долнени** | **13.568** | / | / | **13.568** | **100** |
| **Могила** | **6710** | / | / | **6710** | **100** |
| **Кривогаштани** | **6150** | / | / | **6150** | **100** |
| **Новаци** | **3549** | / | / | **3549** | **100** |
| **ВКУПНО** | **29.977** | / | / | **29.977** | / |
| **СЕ ВКУПНО** | **238.136** | **160.925** | **67,6** | **77.211** | **32,4** |

За разлика од наведените урбани населби, поради својата орографска местоположба и поголемата географска оддалеченост од руралните населби, и во подалечна иднина, е оневозможено негово проширување на Крушево кон руралниот простор.

Трендот на урбанизација кај останатите големи рурални населби: Кривогаштани, Новаци, Могила, Кукуречани, Бистирца, Кравари, Дебреште, Лажани, Житоше и други може да се интензивира согласно димензионираниот плански развој на регионот во целина.

[4] Оската на проширување се одвива на два начини: преку проширување на приградските стопански зони и преку изградба на викендици и куќи за живеење по должината на сообраќајниците со кои се поврзани со градот. Станува збор за населби кои се на оддалеченост од 1 до 3 км од Битола.

### *Рурални населби*

Руралниот простор во Пелагонискиот плански регион го сочинуваат 338 селски-рурални населби кои во вкупниот број населби учествуваат со 98,5%. Во овие населби вкупно живеат 77211 жители или 32,4% од вкупното население во регионот.

Поради долгогодишно отсуство (од 50 години) на соодветна политика за поддршка на социо-економскиот развој на селските населби, како и интензивната емиграција кон урбаните населби и странство, голем дел од селските населби се целосно раселени или се на работ од раселување. Така, интензивните емиграциони движења во регионот довеле до целосно раселување на 28 населби или намалување на селските населби за 8,3%, и до појава на 237 мали населби во кои живеат до 300 жители кои учествуаат во вкупниот број населби од 70,1%. (Табела 5). Во малите села живеат 25.628 жители со просек по населба од 108 жители. Населението од овие населби има учество од 10,8% во вкупното население на регионот и 33,2% во вкупното рурално население.

Бројот на мали населби во кои живеат до 10 жители, а кои се на работ на раселување, изнесува 31 мала населба (Табела 6). Во овие населби вкупно живеат 165 жители со просек по населба од само 5,3 жители. Бројот на малите населби со население од 1 до 100 жители изнесува 133 населби, со учество во вкупниот број мали населби од 56,1%. Во овие населби вкупно живеат 4952 жители со просек по населба од 37 жители. Станува збор за населби во кои апсолутна доминација има старото население со над 60 и повеќе години.

Пропорционално на процесот на зголемување на раселените и малите населби се намалува бројот на средни населби, чиј број во 2002 година изнесуваше 60 средни населби, во кои живеат од 301 до 1000 жители, со учество од 17,8%. Во средните населби живеат вкупно 28052 жители со просек по населба од 467 жители. Овие населби во вкупното население на регионот учестуваат со 11,8%, а во вкупното рурално население со 36,3%.

Најмал број од 13 селски населби припаѓаат на т.н. големи населби со над 1001 жители, кои во вкупниот број селски населби учествуваат со 3,8%. Во големите населби живеат 23531 жител со просек од 1810 жители по населба. Овие населби во вкупното

население на регионот учествуваат со 9,9%, а во вкупното рурално население со 30,5%.

Ако кон бројот на големите населби ги додадеме и урбаните, тогаш вкупниот број на големи населби изнесува 18 во кои вкупно живеат 184456 жители или 77,4% од вкупното население на регионот. (Табела 9 и 10)

Табела 5 – Вкупен број на населбите според нивната големина

| рб | ОПШТИНА | Број на населби | Од тоа: | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Раселени населби | Мали населби до 300 жители | Средни населби со 301-1000 ж | Големи населби со над 1000 ж |
| 1 | **Битола** | 66 | 7 | 41 | 13 | 5 |
| 2 | **Демир Хисар** | 41 | 1 | 31 | 8 | 1 |
| 3 | **Долнени** | 37 | 1 | 26 | 5 | 5 |
| 4 | **Кривогаштани** | 13 | 1 | 5 | 6 | 1 |
| 5 | **Крушево** | 19 | 1 | 10 | 7 | 1 |
| 6 | **Могила** | 23 | 0 | 15 | 7 | 1 |
| 7 | **Новаци** | 41 | 8 | 31 | 1 | 1 |
| 8 | **Прилеп** | 59 | 5 | 46 | 7 | 1 |
| 9 | **Песен** | 44 | 4 | 32 | 6 | 2 |
| **ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН** | | **343** | **28** | **237** | **60** | **18**[5] |

Табела 6 – Број на мали рурални населби според нивната големина

| **Општини** | **Број на мали населби од 1 до 300 жители** | | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **до 10 жители** | **11-20 жит.** | **21-50 жит.** | **51-100 жит.** | **101-200 жит.** | **201-300 жители** | |
| **Битола** | 3 | 0 | 4 | 7 | 17 | 10 | **41** |
| **Демир Хисар** | 6 | 2 | 7 | 6 | 3 | 7 | **31** |
| **Долнени** | 0 | 0 | 6 | 9 | 8 | 3 | **26** |
| **Кривогаштани** | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 2 | **5** |
| **Крушево** | 0 | 1 | 4 | 2 | 1 | 2 | **10** |
| **Могила** | 1 | 1 | 2 | 3 | 4 | 4 | **15** |
| **Новаци** | 8 | 4 | 9 | 3 | 5 | 2 | **31** |
| **Прилеп** | 12 | 5 | 12 | 6 | 6 | 5 | **46** |
| **Ресен** | 1 | 2 | 1 | 5 | 17 | 6 | **32** |
| **Пелагониски регион** | **31** | **15** | **45** | **42** | **63** | **41** | **237** |

[5] Во вкупниот број големи населби ставени се петте градски.

Табела 7 – Средни рурални населби според бројот на жителите

| рб | ОПШТИНА | Број на населби | Од тоа средни населби со: | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 301-500 жители | 501-800 жители | 801-1000 жители | **Вкупно средни** |
| 1 | **Битола** | **66** | 9 | 2 | 2 | **13** |
| 2 | **Демир Хисар** | **41** | 6 | 1 | 1 | **8** |
| 3 | **Долнени** | **37** | 4 | 1 | 0 | **5** |
| 4 | **Кривогаштани** | **13** | 3 | 3 | 0 | **6** |
| 5 | **Крушево** | **19** | 5 | 2 | 0 | **7** |
| 6 | **Могила** | **23** | 5 | 2 | 0 | **7** |
| 7 | **Новаци** | **41** | 1 | 0 | 0 | **1** |
| 8 | **Прилеп** | **59** | 4 | 2 | 1 | **7** |
| 9 | **Ресен** | **44** | 5 | 1 | 0 | **6** |
| **ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН** | | **343** | **42** | **14** | **4** | **60** |

Табела 8 – Големи населби според бројот на жителите

| рб | ОПШТИНА | Број на населби | Од тоа големи населби со: | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1001-1500 ж | 1501-2000 ж | 2001-3000 ж | над 3001 ж | **Вкупно големи** |
| 1 | **Битола** | **66** | 1 | 1 | 1 | 2 | **5** |
| 2 | **Демир Хисар** | **41** | 0 | 0 | 1 | 0 | **1** |
| 3 | **Долнени** | **37** | 1 | 3 | 1 | 0 | **5** |
| 4 | **Кривогаштани** | **13** | 0 | 1 | 0 | 0 | **1** |
| 5 | **Крушево** | **19** | 0 | 0 | 0 | 1 | **1** |
| 6 | **Могила** | **23** | 0 | 1 | 0 | 0 | **1** |
| 7 | **Новаци** | **41** | 1 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| 8 | **Прилеп** | **59** | 0 | 0 | 0 | 1 | **1** |
| 9 | **Ресен** | **44** | 1 | 0 | 0 | 1 | **2** |
| **Пелагониски Регион** | | **343** | **4** | **6** | **3** | **6** | **18** |

Табела 9 – Разместеност на населението по населби и по општини според нивната големина

| **Општина** | **Население** | **%** | **Мали населби** | **%** | **Средни населби** | **%** | **Големи населби** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Битола** | 95.385 | 100 | 6692 | 7,0 | 5346 | 5,6 | 83.347 | 87,4 |
| **Могила** | 6710 | 100 | 1944 | 29,0 | 3240 | 48,3 | 1526 | 22,7 |
| **Новаци** | 3549 | 100 | 1921 | 54,1 | 345 | 9,7 | 1283 | 36,2 |
| **Демир Хисар** | 9497 | 100 | 3121 | 32,9 | 3783 | 39,8 | 2593 | 27,3 |
| **Ресен** | 16.825 | 100 | 4310 | 25,6 | 2598 | 15,4 | 9917 | 59,0 |
| **Прилеп** | 76.768 | 100 | 3152 | 4,1 | 3912 | 5,1 | 69.704 | 90,8 |
| **Кривогаштани** | 6150 | 100 | 942 | 15,3 | 3338 | 54,3 | 1870 | 30,4 |
| **Долнени** | 13.568 | 100 | 2658 | 19,6 | 2024 | 14,9 | 8886 | 65,5 |
| **Крушево** | 9684 | 100 | 888 | 9,2 | 3466 | 35,8 | 5330 | 55,0 |
| **ВКУПНО** | **238.136** | **100** | **25.628** | **10,8** | **28.052** | **11,8** | **184.456** | **77,4** |

Табела 10 – Разместеност на населението по населби и по општини според нивната големина

| Општи. | Население | % | Мали нас. | % | Средни населби | % | Големи населби | % | Градски нас. | Останати Гол.нас. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 95.385 | 100 | 6692 | 7,0 | 5346 | 5,6 | 83.347 | 87,4 | 74.550 | 8797 |
| Могила | 6710 | 100 | 1944 | 29,0 | 3240 | 48,3 | 1526 | 22,7 | / | 1526 |
| Новаци | 3549 | 100 | 1921 | 54,1 | 345 | 9,7 | 1283 | 36,2 | / | 1283 |
| Дем.Хис. | 9497 | 100 | 3121 | 32,9 | 3783 | 39,8 | 2593 | 27,3 | 2593 | / |
| Ресен | 16.825 | 100 | 4310 | 25,6 | 2598 | 15,4 | 9917 | 59,0 | 8748 | 1169 |
| Прилеп | 76.768 | 100 | 3152 | 4,1 | 3912 | 5,1 | 69.704 | 90,8 | 69.704 | / |
| Кривога. | 6150 | 100 | 942 | 15,3 | 3338 | 54,3 | 1870 | 30,4 | / | 1870 |
| Долнени | 13.568 | 100 | 2658 | 19,6 | 2024 | 14,9 | 8886 | 65,5 | / | 8886 |
| Крушево | 9684 | 100 | 888 | 9,2 | 3466 | 35,8 | 5330 | 55,0 | 5330 | / |
| Вкупно | 238.136 | 100 | 25.628 | 10,8 | 28.052 | 11,8 | 184.456 | 77,4 | 160.925 | 23.531 |

## ***Интрарегионална нерамнотежа***

Погоре наведените податоци ни говорат и за евидентна интрарегионална нерамнотежа меѓу урбани-руралните општини и населбите.

Имено, Општина Битола и Прилеп во споредба со останатите општини предначат со бројот на жители, површината, густината на населеноста, бројот на населбите и сл. Така, Битола според бројот на жители е поголема од Новаци за 26,9 пати, од Кривогаштани за 15,5 пати, од Могила за 14 пати, од Демир Хисар за 10 пати, од Крушево за 9,8 пати, од Долнени за 7, од Ресен за 5,6 пати и од Прилеп за 1,2 пати.

Најголем број од 90,8% од населението во Општина Прилеп е концентрирано во големите населби, а останатото од 8,2% е распоредено во останатите 54 населени населби, со просек по населба од 131 жители. Ова ни покажува дека со мали исклучоци, целото рурално население на Општината Прилеп живее во мали селски населби. Сличен е примерот и со Општината Битола, во која големите населби има учество од 87,4% од населението, а остатокот од 12,6% е распоредено во останатите 54 населени населби, со просек по населба од 223 жители. Карактеристичен е случајот со Општината Новаци во која 63,8% од населението живее надвор од општинскиот центар, односно во 33 населени населби со просек по населба од 68,6 жител.

Ако направиме споредба по општини во регионот, колку населби го зголемиле или намалиле број на жителите, ќе видиме дека 258 населби или 75,2% го намалиле бројот на своите жители, 52 населби или 15,2% го зголемиле, 5 населби или 1,4% останале непроменети и 28 населби или 8,2% се целосно раселени.

Табела 11. – Населбите кои го зголемиле или намалиле бројот на жители

| Општина | Вкупно населби | **Раселени населби** | Населби кои се: | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Зголемиле | Намалиле | Не се промениле |
| **БИТОЛА** | 66 | **7** | 10 | 48 | 1 |
| **ДЕМИР ХИСАР** | 41 | **1** | 3 | 37 | 0 |
| **ДОЛНЕНИ** | 37 | **1** | 7 | 28 | 1 |
| **КРИВОГАШТАНИ** | 13 | **1** | 2 | 10 | 0 |
| **КРУШЕВО** | 19 | **1** | 9 | 9 | 0 |
| **МОГИЛА** | 23 | **0** | 1 | 21 | 1 |
| **НОВАЦИ** | 41 | **8** | 4 | 29 | 0 |
| **ПРИЛЕП** | 59 | **5** | 10 | 42 | 2 |
| **РЕСЕН** | 44 | **4** | 6 | 34 | 0 |
| **ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН** | **343** | **28** | **52** | **258** | **5** |

Гледано според административниот принцип на хиерархија на урбаните населби во регионот, Битола е центар на макрорегионот-Пелагониски плански регион центар на мезорегионот-Битолско Поле, кон кој гравитира населението од населбите на општинските центри Битола, Могила и Новаци. Прилеп, како втор по важност, е центар на мезорегионот-Прилепско Поле, односно кон него гравитира населението од населбите на општинските центри Прилеп, Долнени и Кривогаштани.

Како посебни центри на микрорегиони се Ресен за населбите во Преспанската Котлина, Демир Хисар за населбите во микрорегионот на областа Демир Хисар, и Крушево за населбите во просторот на истоимената општина. Всушност, ваквата административна улога на урбаните населби би била во правец на ублажување на интрарегионалната нерамнотежа.

Други населби кои играат улога на центри се седишта на руралните општини, Новаци, Могила, Долнени и Кривогаштани. Додека пак, центри на просторно функционални единици се големите населби со над 1000 жители и населбите кои се средни по големина, и се лоцирани на главните сообраќајници (Кукуречани, Бистрица, Кравари, Сопотница, Тополчани, Ропотово и др.)

Во правец на интрарегионалната нерамнотежа е и густината на населбите која на ниво на регионот изнесува 14 км$^2$ на една населба. Општина со најголема густина на населби, со 6,8 км$^2$ по населба, е Кривогаштани, а со најмала е Општината Прилеп со 20 км$^2$ по населба, Новаци со 18 км$^2$ итн.

Општина со поголема густина на населеност од просечната на Пелагонискиот регион (50 ж/км$^2$, која е значително پониска од просекот во земјата со 80 ж/км$^2$), се Битола со 121 ж/км$^2$, Кривогаштани со 69 ж/км$^2$, Прилеп со 66 ж/км$^2$ и Крушево со 51 ж/км$^2$. Останатите општини имаат густина на населеност под просечната, и тоа, општините Долнени со 33ж/км$^2$, Ресен со 31 ж/км$^2$, Могила со 26 ж/км$^2$, Демир Хисар со 20 ж/км$^2$ и Новаци со само 5 ж/км$^2$.

Во ова прилика само ќе ги наведеме и другите параметри на интрарегионална нерамнотежа, како што се: разликите во транспортниот принцип на урбанизација, гравитационото влијание, миграционите процеси на релација село-град, разликите според етнички карактеристики, разликите во базата на природни ресурси и потенцијали (човечки, природни-фосилни горива, руди, минерали и сл.), разликите во квалитетот на живот (животниот стандард и привлечноста на локацијата), разликите во капацитетот на асимилација на загадувањето (земјиштето, атмосферата, водата, почвата), разликите во систмот за поддршка на животот (здравствените и социјални услови), разликите во маркетиншката опременост на урбанизацијата и друго.

Во функција на намалување на интрегионаната нерамнотежа е добриот одржлив развој кој подразбира акционо планирање врз економско-општествени принципи и заштита на животната средина, во кои интерактивна улога би имале државата, локалната заедница, цивилниот и приватниот сектор. Сето тоа би било ирационално и ирелевантно доколку напоредно не би се реализирала стратегија за популациона политика на демографска обнова на регионот и државата во целина.

## ЛИТЕРАТУРА И ДРУГИ ИЗВОРИ

1. ДЗС; (2005) Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 г., Книга XIII, Вкупно население, домаќинства и станови според територијалната организација на Република Македонија од 2004 година
2. ДЗС; (2004) Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 г., Книга XI, Вкупно население по пол и старост - по населени места
3. ЗС; (1997) Попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во Република Македонија, 1994 г., Книга V, Вкупно население, домаќинства, станови и земјоделски стопанства по општини и населени места